**Прашања од акционерите**

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието.

Друштвото одговара на поставените прашања доколку тоа не е во спротивност со доверливоста во работењето, принципите на Друштвото и деловната тајна, како и деловните интереси на Друштвото.

Друштвото може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина. Друштвото може да одговара директно на акционерите или да ги објавува одговорите на поставените прашања на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

Прашањето акционерот го доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.

Заедно со доставеното прашање, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:
    - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оргинал, не постар од три дена
    - Копија од лична карта или пасош

2. За акционер правно лице се приложува:
    - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
    - Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од седум дена
    - Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник

Прашањето во писмена форма заедно со документите за идентификација мора да биде примено во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО најдоцна до 30.11.2016 година до 16 часот.

Оваа постапка се однесува на акционерите кои ќе поставуваат прашања по писмен пат.

Адреса на која се доставуваат прашањата:

ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО
Ул. 11 Ноември бр.87А
1300 Куманово
Одбор на директори
Со назнака ,, за Годишно собрание,,